# Здружение на граѓани Викимедија Македонија

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ГРАЃАНИ „ВИКИМЕДИЈА МАКЕДОНИЈА“ - СКОПЈЕ

Здружението на граѓани „*Викимедија Македонија*“ - Скопје (во понатамошниот текст само Здружението) во рамките на својата работа ќе презема активности во насока на поддршка на создавање, собирање и умножување на слободни содржини на непрофитен начин: поддржување на идејата сите луѓе да имаат еднаков пристап до базите на знаење и до системите на образование преку разменување на искуства, комуникација со членовите на здружението и пошироката популација како и преку дистрибуција на печатен и друг материјал.

Здружението, со цел за ефикасно, ефективно и успешно извршување на сите активности поврзани со неговата дејност ја донесува оваа едногодишна Програма за работа која ги образложува видот и начинот на реализацијата на активностите во период од една година.

**Активности на Здружението:**

Здружението ќе организира активности кои ќе бидат директно насочени кон промоцијата и подршката на Викимедиините проекти. За таа цел Здружението:

1. Ќе организира и учествува на конференции, семинари, јавни трибини, предавања, тркалезни маси, тренинзи и курсеви за прашања поврзани со целите на Здружението на кои ќе бидат повикувани релевантни претставници од различни сектори во државата;

2. Ќе основа ограноци и организациони единици на Здружението.

3. Ќе организира медиумски кампањи насочени кон пошироката јавност со цел размена на искуства,најдобри практики и промоција на Викимедиините проекти;

4. Ќе изработува промотивен материјал (постери, флаери, брошури) кои ќе бидат дистрибуирани до членовите и пошироката поулација;

5. Ќе соработува со релевантни преставниците од останатите општествени сектори во активности кои се од интерес за дејноста на Здружението ;

6. Ќе дава подршка со вмрежување на правни и физички лица чие делување е поврзано со целите на Здружението;

7. Ќе обезбедува широка размена на искуства и најдобри практики во користењето на Викисофтверот

**Скопје 07. 12. 2009 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Собрание на
Здружение на граѓани
*„Викимедија Македонија"* –
Скопје

**(ДИМЧЕ ГРОЗДАНОСКИ)**